# СИМЕОН СИЛЈАНОВСКИ









## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Симеон Силјановски е роден во Смилево 1942 година.

Академија за ликовна уметност завршил во Белград 1968 година во класата на проф. Младен Србиновиќ, отсек сликарство.

Член е на ДЛУМ, ДЛУБ и ДНУБ.

Живее и работи во Битола.

Адреса: „Климент Охридски“ 25/1
Тел: 097 — 24-333

Секој творечки процес има сопствени белези низ кои настојува да го систематизира животното искуство и аналогно на тоа да создаде сопствен свет со општочовечки значења.

Излагајќи го својот сегашен опус, Силјановски го покажува точно ваквиот однос кон сликарската уметност.

Минувајќи низ зрели творечки фази, во кои ќе биде длабоко загледан во искуствата на старите мајстори (Рембрант, Ел Греко и Леонардо), тој постојано ќе ја бара сопствената препознатливост компарирајќи ги своите размислувања врз природата и нејзината вечна хармонија. Оттаму и во поранешните негови слики е силно присутна класичната размисла за комплетноста на сликата.

Композицијата, бојата, цртежот, светлото и темното ќе бидат елементи на трајна естетска определба врз која ќе се создава, размислува и одбира.

Ваквиот негов став ќе овозможи мошне сложена технолошка постапка во градењето на сликарската визија.

Од тенките и лесни лазурни потези, па сè до богато и густо заситените површини, бојата ќе ги отслика сите негови внатрешни треперења. Но, постојано во потрага по сопствената личност, Силјановски низ цртежот, а особено низ пастелот, ќе го развие и законот на редукцијата создавајќи така синтетичен свет на боја и форма, цртеж и облик и таму, на тој пат, ќе ги создаде и сегашните свои дела.

Вљубен во класичната фактура на сликата, тој ќе ни ја открие бојата и композицијата, цртежот и свуматото како сосема нови вредности на својата сликарска природа.

Ако поранешната негова слика имаше јасно препознатлив класичен однос кон темата или мотивот, сегашната негова опсервација користејќи ги искуствата на модерната уметност, повторно е свртена кон класичната форма на израз, само сега силно редуцирана во контекстот на експресијата.

Сегашниот негов „мотив“ е асоцијацијата на детството, на сонот, на интелектот.

Во тие простори, Силјановски јасно ги одредува своите препознатливи знаци како што се: црквата, крстот, дрвото, кентаурот и конечно човекот. Но, зад нив е сликарскиот јазик со кој Силјановски силно и впечатливо зборува за светот на потсвесното, метафизичкото. Оттаму е присутна и мистична поетичност во палетата. Бојата го гради просторот, речиси сосем апстрактно, но истовремено, оваа „апстрактност“ ги покажува внатрешните размисли на авторот врз сегашниот миг на создавањето. Движејќи се низ богати скали на сивото и белото, драматично поткрепени со црното, овие најнови остварувања на Силјановски го допираат детството и неговите словити значења. Во некои експонати, тоа ќе затрепери пред нас како спомен, а во некои, како реликвија и некакво чудо кое се случило многу одамна и токму во таа дамнешност се доживуваат силни проблесоци на длабока интимна светлина. Црквата е така и простор и мисла, и време и идеја. Материја и дух. Мечта и претсказание. Дрвото е детски змеј, витражен орнамент на некоја готска катедрала, знак за динамиката во цртежот и траењето на бојата.

Она што посебно и целосно го заокружува „сегашното сликарско дело“ на Силјановски е, секако, присуството на човекот и тоа, не во формална смисла, туку напротив:

Човекот овде егзистира како песна, музика и како ехо. Како мит и легенда; како дете заборавено во сопствената игра со светот што го открива; како сон недосонуван; како чудна магиска гатанка...

Сведен често на црна силуета чија доминација во просторот е мошне силно спротивставена на архитектониката на објектот, тој ќе прозвучи како знак или симбол на потполна таинственост. Низ чиста и транспарентна боја, со јасен „Руовски цртеж“, низ крајно редуцирани просторни определби, овој свет на Силјановски јасно упатува на заклучокот дека човекот е вечна тајна, најсовршено битие на космичките пространства и токму затоа, ја носи смртта, разбрана како прецизна аналогија на недофатливата природа и нејзината Вечна и Бесконечна Хармонија.

Владимир Георгиевски

ОД ЦИКЛУСОТ
ПОЕТСКИ ИМАГИНАРИУМ



ОРГАНИЗАТОР: УНИВЕРЗИТЕТ ВО БИТОЛА
Дизајн: КОЧОВСКИ ДИМИТАР — МИЧО
Слајдови: АТАНАС НАШОКУ — САКУ
УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА — БИТОЛА
Мај, јуни 1989 година

Печати: „МИКЕНА" — Битола